Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул.“Македонија“бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr."Makedonia"nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr. 02-1093/28
02.07.2024
Скопје/Shkup

Врз основа на член 6 став 2, член 8 став 2 од Законот за судски буџет (Сл.весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10), член 11 став 4 од Деловникот за работа на СБС (Сл.весник на РМ бр.89/14), во врска со доставеното Известување од Основниот суд Куманово 03-СУ-140/24 од 23.04.2024 год, во врска со зголемувањето на цената за достава на судските писма од страна на АД „Пошта на Северна Македонија“, Судскиот буџетски совет на својата 230-та седница одржана на ден 27.06.2024 година ги усвои следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Да се испрати допис до Министерство за правда во врска со проблемот со зголемувањето на цената за достава на судските писма од страна на АД „Пошта на Северна Македонија“ и да се посочи на потребата од законски измени во насока на обезбедување на електронска достава во судовите заради ефикасна и брза достава.

2. Да се испрати циркуларно писмо до судовите задолжително да ја користат електронската достава согласно расположливите услови заради намалување на трошоците;

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**